**20242404208**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 65 став (10) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 151/22 и 208/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, ВИДОТ И КАТЕГОРИИТЕ НА ПОДАТОЦИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОМНЕВАЊАТА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И/ИЛИ ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, видот и категориите на податоци од извештајот за сомневањата за перење пари и/или финансирање на тероризам.

Член 2

Извештајот за сомневањата за перење пари и/или финансирање на тероризам се доставува во електронска форма со нумерички, текстуални или комбинирано нумеричко-текстуални видови на податоци.

Член 3

(1) Извештајот за сомневањата за перење пари и/или финансирање на тероризам ги обезбедува следните видови и категории на податоци:

1. Податоци кои се однесуваат на субјектот кој го поднесува извештајот:

1.1 Субјект кој го поднесува извештајот:

1.1.1 назив на субјектот и

1.1.2 е-пошта;

1.2 Контакт на субјектот:

1.2.1 име,

1.2.2 презиме,

1.2.3 оддел,

1.2.4 телефонски број,

1.2.5 број на факс,

1.2.6 е-пошта,

1.2.7 адреса (линија за адреса 1),

1.2.8 адреса (линија за адреса 2),

1.2.9 поштенски код,

1.2.10 град,

1.2.11 држава и

1.2.12 земја;

1.3 Овластено лице за спречување перење пари и финансирање на тероризам:

1.3.1 име,

1.3.2 презиме,

1.3.3 оддел,

1.3.4 телефонски број,

1.3.5 број на факс,

1.3.6 е-пошта,

1.3.7 адреса (линија за адреса 1),

1.3.8 адреса (линија за адреса 2),
1.3.9 поштенски код,
1.3.10 град,
1.3.11 држава и
1.3.12 земја;
2. Лица за кои се однесува сомневањето или кои се вклучени во сомнителната активност (објекти на сомневањето):
2.1 Податоци за физичко лице:
2.1.1 име,
2.1.2 презиме,
2.1.3 датум на раѓање: ден/ месец/година,
2.1.4 пол,
2.1.5 единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ),
2.1.6 државјанство,
2.1.7 телефонски број,
2.1.8 број на мобилен телефон,
2.1.9 е-пошта,
2.1.10 адреса (линија за адреса 1),
2.1.11 адреса (линија за адреса 2),
2.1.12 поштенски код,
2.1.13 град,
2.1.14 држава,
2.1.15 земја,
2.1.16 сомнително лице (се означува полето доколку лицето е сомнително),
2.1.17 број на лична карта,
2.1.18 назив на органот кој ја издал личната карта,
2.1.19 број на пасош и
2.1.20 назив на органот кој го издал пасошот;
2.2 Поврзаност меѓу физички лица:
2.2.1 физичко лице А,
2.2.2 физичко лице Б,
2.2.3 вид на поврзаност и
2.2.4 резиме (опис);
2.3 Податоци за правно лице:
2.3.1 назив,
2.3.2 единствен даночен број (ЕДБ),
2.3.3 единствен матичен број (ЕМБС),
2.3.4 идентификациски број (за нерезиденти, број со кој се идентификува правното лице во регистарот на правни лица на матичната држава),
2.3.5 телефонски број,
2.3.6 број на мобилен телефон,
2.3.7 број на факс,
2.3.8 адреса (линија за адреса 1),
2.3.9 адреса (линија за адреса 2),
2.3.10 поштенски код,
2.3.11 град,
2.3.12 држава,
2.3.13 земја и
2.3.14 сомнително (се означува полето доколку лицето е сомнително);

2.4 Поврзаност меѓу физичко лице и правно лице:
2.4.1 физичко лице,
2.4.2 правно лице,
2.4.3 вид на поврзаност и
2.4.4 резиме (опис);
2.5 Податоци за банкарска сметка:
2.5.1 број на сметка,
2.5.2 датум на отворање: ден/месец/година,
2.5.3 датум на затворање: ден/месец/година,
2.5.4 блокирана (се означува полето доколку сметката е блокирана),
2.5.5 датум на блокирање: ден/месец/година,
2.5.6 причина за блокирање,
2.5.7 датум на реактивирање: ден/месец/година,
2.5.8 валута на сметката,
2.5.9 назив на банката во која е отворена сметката,
2.5.10 IBAN број на сметката,
2.5.11 вид на сметка,
2.5.12 состојба на сметка (биланс) и
2.5.13 улога на банкарската сметка:
2.5.13.1 податоци за физичко лице или правно лице и
2.5.13.2 вид (се означува дали лицето е сопственик или овластено лице на сметката);
2.6 Податоци за платежна картичка:
2.6.1 број на платежната картичка,
2.6.2 вид на платежна картичка и
2.6.3 поврзаност на лицето со платежната картичка:
2.6.3.1 податоци за физичко или правно лице,
2.6.3.2 банкарска сметка и
2.6.3.3 вид (се означува дали лицето е сопственик или овластено лице на картичката);
3.Податоци за трансакцијата:
3.1 код (идентификациски број на трансакцијата/шифра на плаќање),
3.2 категорија (вид на трансакција),
3.3 резиме (опис на трансакција),
3.4 датум на трансакцијата: ден/месец/година,
3.5 локација (код на експозитура),
3.6 лице кое ја врши трансакцијата,
3.7 сопственик на сметка од која се врши трансакцијата (физичко лице или правно лице),
3.8 сметка од која се врши трансакцијата,
3.9 сопственик на сметка кон која се врши трансакцијата (физичко лице или правно лице),
3.10 сметка кон која се врши трансакцијата,
3.11 валута на трансакцијата,
3.12 износ на трансакцијата и
3.13 сомнително (се означува полето доколку трансакцијата е сомнителна);
4.Податоци за активност:
4.1 вид на активност,
4.2 резиме (опис на активноста),
4.3 датум на започнување: ден/месец/година,
4.4 датум на завршување: ден/месец/година,

4.5 референца (интерен број под кој се води активноста),
4.6 локација (место во кое активноста е извршена),
4.7 статус на активноста (се означува полето доколку активноста е завршена),
4.8 валута на активноста,
4.9 износ и
4.10 поврзаност на лицето со активноста:
4.10.1 податоци за физичко или правно лице,
4.10.2 вид на поврзаност и
4.10.3 резиме (опис);
5.Податоци за извештајот:
5.1 вид на сомневање,
5.2 индикатори на сомневање,
5.3 резиме (опис на сомневањето),
5.4 датум на доставување на извештајот и
5.5 претходни извештаи:
5.5.1 референца (број на претходно доставен извештај);
6.Прилог.

(2) Доколку има повеќе од едно физичко лице, податоците од став (1) точка 2.1 на овој член се пополнуваат за секое лице поединечно.

(3) Доколку има повеќе од едно правно лице, податоците од став (1) точка 2.3 на овој член се пополнуваат за секое лице поединечно.

(4) Доколку има повеќе од една сметка, податоците од став (1) точка 2.5 на овој член се пополнуваат за секоја сметка поединечно.

(5) Податокот од став (1) точка 2.5 потточка 2.5.13.1 на овој член се пополнува согласно структурата од став (1) точки 2.1 или 2.3 од овој член.

(6) Доколку има повеќе од една картичка, податоците од став (1) точка 2.6 на овој член се пополнуваат за секоја картичка поединечно.

(7) Податокот од став (1) точка 2.6 потточка 2.6.3.1 на овој член се пополнува согласно структурата од став (1) точки 2.1 или 2.3 на овој член.

(8) Доколку има повеќе од една трансакција податоците од став (1) точка 3 на овој член се пополнуваат за секоја трансакција поединечно.

(9) Податокот од став (1) точка 3 потточка 3.6 на овој член се пополнува согласно структурата од став (1) точка 2.1 на овој член.

(10) Податоците од став (1) точка 3 потточки 3.7 и 3.9 на овој член се пополнуваат согласно структурата од став (1) точки 2.1 или 2.3 на овој член.

(11) Податоците од став (1) точка 3 потточки 3.8 и 3.10 на овој член се пополнуваат согласно структурата од став (1) точка 2.5 на овој член.

(12) Доколку има повеќе од една активност податоците од став (1) точка 4 на овој член се пополнуваат за секоја активност поединечно.

(13) Податокот од став (1) точка 4 потточка 4.10.1 на овој член се пополнува согласно структурата од став (1) точки 2.1 или 2.3 на овој член.

(14) Доколку субјектот располага со дополнителни податоци истите се доставуваат како прилог согласно став (1) точка 6 на овој член.

(15) Доколку субјектот се стекне со дополнителни податоци за веќе доставен Извештај за сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам се пополнуваат податоците од став (1) на овој член.

(16) Сите субјекти ги пополнуваат податоците од став (1) точка 1, точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4, точка 4, точка 5 и точка 6 на овој член, со исклучок на банките кои ги пополнуваат податоците од став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член.

(17) Во полињата од став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член се внесуваат податоци кои субјектите ги имаат или со кои располагаат.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на извештајот за сомневањата за перење пари и/или финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 57/19).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-10422/1
19 ноември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.